„Навистина има луѓе кои го злоупотребуваат јавниот имот, за таквите е подготвен Џехенемот на Судниот ден

Се пренесува дека Хавла ел Енсарија, радијаллаху анха, кажала: Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Навистина има луѓе кои го злоупотребуваат јавниот имот, за таквите е подготвен Џехенемот на Судниот ден."

[رواه البخاري] [صحيح]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, ни кажува за луѓето кои незаконски и бесправно го користат/присвојуваат имотот на муслиманите. Овој хадис се однесува на сите видови незаконско стекнување на имот, како и неговото незаконско трошење. Тука спаѓа неовластеното користење на имотот на сирачињата, вакафски имот, негирање на доверените предмети на чување и несоодветна употреба на јавен имот. Потоа нè извести Аллаховиот пратеник, алејхи селам, дека казната ќе биде Огнот на Судниот ден.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5331